

***Институтот остави своевидна школа за подготвување млади кадри, кои се оспособувале да ги програмираат еколошките истражувања. Така, веднаш по ослободувањето, таму престојувале и се усовршувале двајца асистенти од Македонија, како идни соработници на Хидробиолошкиот завод. Уште во тоа време, академикот Станковиќ визионерски ја дефинирал улогата на екологијата и забележал:***

*„Еколошкиот начин на мислење брзо се шири надвор од кругот на специјалистите. Денешниот човек со невидена брзина го менува лицето на светот, меѓутоа, во исто време станува свесен за последиците од промените во природата, во која и самиот човек е создаден, а која е задолжителна рамка на сегашниот и идниот живот. Односот на човекот кон својата природна рамка, пред сè, е еколошки проблем кој неопходно треба да се решава.“*

Исто така, во книгата „*Рамките на животот“*, првата научно - популарна еколошка публикација, меѓу другото, професорот Станковиќ напишал: „
*Екологијата има за цел да ја одреди положбата на човекот во однос на вкупната жива природа. Нема никакво оправдување во верувањето дека човекот може да живее надвор и независно од неа.*

*Тој не е само член на својата тесна општествена заедница, туку, во исто време, е член и на таа поширока заедница што го сочинува целиот жив свет околу него. Одредувањето на односот на човекот кон преостанатата природа, која е неделива средина и која човекот сè поинтензивно ја искористува, е една од задачите на екологијата. Таа задача е од непроценливо практично значење. Од тие причини, со екологијата, со нејзините начела и резултати, треба да се запознаат не само научните кругови, туку и пошироката општествена јавност.“*

Д-р Зоран Градојевиќ, биолог и автор на голем број научни трудови, меѓу другото, за професорот Станковиќ рекол: *„Професорот Синиша Станковиќ беше еден од најмодерните светски екологисти. Сметам дека тој е еден од основоположниците на оваа наука кај нас. Го познаваа многумина кај нас и во светот. Често го посетуваа великани на науката, инаку негови познаници и пријатели од целиот свет. Од тие средби учевме и ние, неговите соработници.*



*Каналот до Хидробиолошки завод*

*Инаку, по ослободувањето професорот ја предаде својата куќа во „Професорската колонија“ на државата, а за возврат доби мал стан во непосредна близина на Универзитетот. Често го возев до Институтот. Со задоволство ја прифаќав неговата покана да наминам кај него, бидејќи тој беше особено пријатен и интересен соговорник*

*и сопатник. Секогаш појаснуваше и коментираше за нешто.*

*Патем да спомeнеме и тоа дека со колегите од студиите, подоцна познати професори на Белградскиот универзитет, го основал ансамблот „Колегиум музикум“, а еден период тој се издржувал дури и свирејќи на флејта.*

*На мошне духовит начин ја раскажуваше секоја случка. Заради тоа, сите сакаа да бидат во негова близина. Во секој момент од животот постојано се интересираше за збиднувањата во науката. Кога го посетував, зборуваше за научните ТВ емисии и упатуваше пофалби и забелешки.“*

Меѓу необичните случки во животот, секако треба да се одбележи драматичното киднапирање на авионот, во 1952 година, кога патувал за Опатија на состанок на Советот на академиите на ФНР Југославија.

Од Белград, во авионот уште биле и Александар Белиќ и Иво Андриќ. Тие летнале на 26 јуни, претпладне, а во Опатија требало да ги чека Мирослав Крлежа. Сите биле расположени. Во авионот, со кој управувал еден од најдобрите цивилни пилоти, додека го менувал курсот на летањето, од седиштата скокнале тројца млади. Настанала тишина. Никој не се поместил. Единствено сопругата на професорот Станковиќ почнала да протестира.

-Повторувам, никој да не се мрдне! Сами ќе бидете виновни за својата несреќа, - повторил ист глас.

Потоа, киднаперот зачкрипел со пиштолот, ја скршил пилотската врата и му наредил на капетанот да го промени курсот на летањето.

Тие се спуштиле во малото италијанско место Фолињи, каде што по „среќното пристигнување“ во Италија, претставникот на италијанската власт ги поздравил академиците и им соопштил дека Италија е подготвена на сите патници да им даде азил.
Научниците се заблагодариле и рекле дека многу би сакале да го видат

претставникот на Југословенската амбасада во Италија, а потоа да се вратат назад во Југославија.

Во меѓувреме, киднаперите ѝ објаснувале на полицијата дека, всушност, тие немале ниту еден куршум, туку лажно ги заплашувале патниците за да дојдат во Италија. Сите патници, освен киднаперите, се вратиле во Опатија, каде што академиците среќно пристигнале на закажаниот состанок.

***Продолжува***



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**